Штип, Македонија, всушност, претставува обид за преведување на идиомите и фразеологизмите поврзани со броеви од англиски и германски на македонски јазик, со појаснување и наведување на потеклото. Трудот разгледува одредена група на идиоми и фразеологизми од англискиот и германскиот јазик и нуди нивни соодветни преводи/еквиваленти во македонскиот јазик. Во воведниот дел кратко се задржуваме на значењето и симболиката на броевите кои во трудот се земени за определувачки елемент при изборот на обработените фразеологизми. Во овој труд се опфатени дел од идиомите и фразеолошките изрази поврзани со броеви. Се потенцира дека идиомите и фразеолошките изрази ги истакнуваат разликите и особеностите на одредена јазична средина, а имајќи ја предвид тесната врска меѓу јазикот и народот, тие највпечатливо ги истакнуваат културните особености на еден народ. Нашево истражување нè доведе до еден многу значаен податок: дека македонската фразеологија, иако многу богата и разновидна, сепак не нуди податоци за потеклото на фразеологизми, што нè наведува да ги поттикнеме младите истражувачи да работат на оваа тема и да понудат релевантни податоци со што би се надополнила македонската фразеолошка ризница.

2. Кирова С., Кузмановска Д. и Иванова Б. (2017) Споредба на пословиците на четири јазици. Во: Меѓународна научна конференција Климентовото дело, 23-24 јуни 2016 год., Штип, Македонија. Трудот го разгледува проблемот на вклучувањето елементи од културата во странскиот/втор јазик поради поголемата свесност дека јазикот и културата се неразделиви. Последователно, учењето странски јазик не може да биде успешно без да се развие културната свесност. Авторите на овој труд континуирано ги употребуваат пословиците во нивната настава по Современ англиски и Современ германски јазик на универзитетско ниво на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Овој труд претставува обид за споредување на скромна бројка на пословици на четири јазици: англиски, германски, македонски и српски јазик. Авторите сметаат дека нивното присуство во учебниците треба да се зголеми. Нашето искуство во воведувањето пословици во наставата покажува дека на студентите им се интересни и дека се подготвени да истражуваат за нивното потекло и еквивалентите во мајчиниот јазик.
3. Kirova, Snezana and Stavreva Veselinovska, Snezana (2018) Analysis of contents covering environmental topics in textbooks for contemporary English language. Knowledge – International Journal, 2 (2). pp. 415-421. ISSN 1857-923X - Овој труд се занимава со интегрирање на еколошки содржини со содржини од англиски јазик како странски/втор јазик. Авторите го застапуваат мислењето дека, покрај изучување на граматиката и вокабуларот на англискиот јазик, изучувањето на англискиот јазик како втор јазик или како прв странски јазик треба да овозможи и развој на стратегии за критичко размислување кое може да се искористи како средство за промовирање на позитивно и корисно однесување на граѓаните спрема околината. Во трудот се наведуваат причините за вклучување еколошки содржини во образованието во најширока смисла и се анализираат вакивте содржини во неколку учебници по англиски јазик. Авторите сметаат дека интегрирање на теми од типот екологија, мир, човекови права, тероризам и слично е неизбежно поради важноста студентите да се здобијат со општи познавања од тоа каква е ситуацијата во светот околу нив и да се подигне нивото на свест на едно повисоко ниво.

**Учество во проекти:**

1. Dimova,Violeta and Daskalovska, Nina and Kuzmanovska, Dragana and Karanikoova-Cocorovska,Lusi and Mladenoski, Ranko and Leontik, Marija and Celik,Mahmut and Marolova, Darinka and Koceva, Vesna and Kirova,

Snezana and Ivanova, Biljana and Todorova, Marija and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Grkova, Marija and Jakimovska, Svetlana and Velinova, Eva and Vitanova-Ringaceva, Ana and Negrievska, Nadica and Karanikikj Josimovska, Jovana and Sarafova, Natasa and Kostova, Kristina (2018) *Евалуација на наставата по јазик и книжевност во високото образование.* [Project]

2. Daskalovska, Nina and Dimova, Violeta and Kuzmanovska, Dragana and Venovska-Antevska, Snezana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) *Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет.* [Project]
3. Dimova, Violeta and Denkova, Jovanka and Karanikolova-Cocorovska, Lusi and Ivanovska, Biljana and Belcev, Tole and Mladenoski, Ranko and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Celik, Mahmut and Kukubajska, Marija Emilija and Kusevska, Marija and Jakimovska, Svetlana and Kuzmanovska, Dragana and Marolova, Darinka and Velinova, Eva and Kirova, Snezana and Petkovska, Biljana and Todorova, Marija and Prodanovska, Vesna and Donev, Dragan and Koceva, Vesna and Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija and Krsteva, Marija and Markoska, Nadica and Karanikikj Josimovska, Jovana and Ulanska, Tatjana and Golakov, Kostadin and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2016) *Ментор.* [Project]

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работна биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на нејзиното работење како виш лектор - наставник на Филолошкиот факултет, така и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата со задоволство му препорачува на **Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката м-р Снежана Кирова да биде избрана во наставно-стручното звање виш лектор по англистика. Врз основа на приложената документација констатиравме дека се работи за кандидатка која сосема ги исполнуваат критериумите за избор во виш лектор.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Кусевска,** вон. професор, претседател, с.р.
**Д-р Нина Даскаловска,** вон. професор, член, с.р.
**Д-р Натка Јанкова-Алаѓозовска,** доцент, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ (УЧЕБНИК) СО НАСЛОВ „МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО”**
**ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р ДЕЈАН МАРОЛОВ,**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1102-64/8 од 195. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 18.6.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Јован Ананиев,** редовен професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев» - Штип;
- **д-р Ана Никодиновска-Крстевска,** вонреден професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев» - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО”** од в**онреден проф. д-р Дејан Маролов,** наменет за студентите на прв циклус студии од сите насоки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Меѓународно јавно право” од вон. проф. д-р Дејан Маролов претставува континуирана заложба на авторот за обезбедување потребна литература за предметот Меѓународно јавно право, наменет за студентите на прв циклус правни студии на Правниот факултет. Учебникот ги содржи сите предвидени тематски целини што се опфатени во предметната програма за Меѓународно јавно право, застапена во втора академска година (III семестар) со неделен фонд на часови (2+2+1).

**Податоци за обем на ракописот:** Ракописот содржи вкупно 181 страници, од кои на шест страници се сместени над 120 релевантни библиографски единици кои се однесуваат на монографии, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници кои ги покриваат подрачјата третирани во трудот. Исто така, во трудот се користени најважните меѓународни и регионални акти на ООН, Советот на Европа, ЕУ и други релевантни меѓународни организации, но и на многубројни мултилатерални и билатерални договори, конференции и конвенции кои се тесно поврзани со предметот. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите е 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во државава е веќе објавен учебник со ист наслов од страна на професори на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и учебник издаден од страна на професори на *Факултетот* за безбедност во Скопје при Универзитетот „Св. *Климент* Охридски“ и тие се земени предвид. Меѓутоа, содржината на ракописот и пристапот во пишувањето на учебникот кој е предмет на оваа рецензија се разликува концептуално, содржински, методолошки и теоретски земајќи ги предвид сите тематски целини опфатени во учебникот. Предложениот учебник на проф. Дејан Маролов е прв од областа на меѓународното јавно право објавен во источниот дел на државата, со што *Универзитетот „Гоце Делчев“* во

Штип ќе се вброи во универзитетите кои имаат издадено сопствен учебник, бесплатно достапен за сите студенти на УГД преку системот на е-библиотека.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на оригинален начин и ја обработува релевантната проблематика од соодветната област. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на меѓународното јавно право, како за студентите, така и за пошироката јавност. Во таа смисла, учебникот како учебно помагало претставува основен едукативен напишан стручен материјал, приспособен на потребите за образование и едукација за областа на меѓународното јавно право. Покрај теоретските теми, во учебникот има и соодветни секции од прашања за размислувања и практични задачи. Затоа сметаме дека овој учебник е од извонредно значење, како од теоретски, така и од практичен аспект.

Од содржински аспект, учебникот е структуриран во единаесет глави, листа со прашања за испит и седум прилози.

Во **првата глава** е даден воведот во проблематиката на меѓународното јавно право. Воедно се наведени и објаснети основните поими на меѓународното јавно право како и основните столбови на кои истото се заснова. Со цел студентите да можат да ја разберат комплексноста и специфичностите на оваа правна дисциплина, во оваа глава е сместен и историскиот преглед на развитокот на меѓународно јавно право, а се презентирани и објаснети неговите специфики и разлики, како и соодносот со внатрешното (националното) право.

**Втората глава** од овој учебник се концентрира на разработка на изворите на меѓународното јавно право. Подетално се презентираат изворите наведени во Статутот на Меѓународиот суд на правдата и се подредуваат хиерархиски. Овој дел од проблематиката се надополнува со проблемот на кодификацијата на меѓународното право, како од современа, така и од историска перспектива, како и со сознанија за неговиот развиток.

**Третата глава** од овој учебник дава одговор на прашањата поврзани со државата како основен субјект на меѓународното право. Се обработуваат прашања и дилеми поврзани со признавањето на државите, но и на владите, потоа видовите држави, нивните права и обврски, органи за одржување на меѓународни односи (со други држави и меѓународни организации), јурисдикција, меѓународна одговорност и згаснување на државите. Во овој дел се обработуваат и определени историски форми на држави, но и некои модерни специфични случаи. Дополнително, покрај државите, во овој дел се обработуваат и определени територии со специфичен статус кои понекогаш можат да се јават како ентитети во меѓународно-правните односи.

Во **четвртата глава** авторот дава приказ на историскиот развој на меѓународните организации како незаобиколив субјект во современото меѓународно јавно право. Меѓународните организации се дефинираат, класифицираат и обработуваат како од теоретски така и од аспект на нивно практично работење. Во овој дел подетално се обработуваат и некои конкретни организации, како владини, така и невладини, регионални и универзални, се разбира, заедно со нивните специфичности.

**Петтата глава** претставува комбинација на две поврзани теми од областа на меѓународното право. Така, најпрво се обработува индивидуата како субјект на меѓународното право, а потоа меѓународното право за правата на човекот. Во овој дел се анализираат теоретските пристапи кон правата на човекот, се презентираат поважните основни документи од оваа област во системот на ОН, но и на регионалните меѓународни организации кои се занимаваат со проблематиката на заштита на човековите прва. Конечно, овој дел се заокружува со обработка на правата на малцинствата како дел од колективните права.

Во **шестата глава** авторот го обработува меѓународното договорно право како една

од гранките на меѓународното јавното право. Во овој дел се фрла светло на основните видови меѓународни договори, на фазите кои водат кон нивно склучување, почетокот на важење, но и моментот на престанок на важење на овие договори. Незаобиколлив дел од оваа проблематика секако е и институтот на ништовност и последиците од него.

Во **седмата глава** се обработува дипломатско-конзуларното право како дел од меѓународното право. Во овој дел се презентираат основните извори на дипломатско-конзуларното право, видови мисии, ранкови, функции итн. Составен дел на ова право се и правата и привилегиите на дипломатските претставници, како и дипломатските мисии.

**Осмата глава** се состои од два дела. Првиот дел се однесува на меѓународното право на морето и неговите институти. Вториот дел е сочинет од обработки на останатите области од меѓународното јавно право, како што се меѓународно-правниот статус на меѓународните езера, реки, протоци и канали, начините на стекнување и трансфер на територија, меѓународна службеност, сукцесија на државите, правниот режим во поларните области и режимот во вселената.

**Деветтата глава** на овој учебник се фокусира на начините на мирно решавање на меѓународните спорови и нивните форми. Акцент се става, пред сè, на правното решавање на меѓународните спорови преку работата на Меѓународниот суд на правдата, но се обработуваат и теми за други судови и трибунали.

Во **десеттата глава** се обработува проблематиката на ius ad bellum и ius in bello, како и институтот на неутралност. Воедно, во овој дел се дефинираат и објаснуваат поимите: агресија, окупација, капитулација, примирје, мировен договор и сл.

Во **единаесеттата** и последна глава од овој учебник се прави осврт на меѓународното еколошко право, како релативно понова гранка во меѓународното јавно право. Во овој дел се обработуваат теориите за животна средина и се презентираат позначајните правни акти во овој дел. На крај се дадени одбрани арбитражни одлуки и судски пресуди од оваа област.

Учебникот содржи и седум прилози со чија помош студентите ќе можат практично да го вежбаат теоретски стекнатото знаење од претходните глави на овој учебник.

## З А К Л У Ч О К

Учебникот со наслов „Меѓународно јавно право» на авторот вон. проф. д-р Дејан Маролов од методолошки, систематски и логички аспект претставува значајна библиографска единица во која на современ начин се прикажани и објаснети најважните поими, категории и институти на меѓународното јавно право. Материјата е презентираната на јасен, разбирлив, студиозен, стручно-методолошки начин, проследен со илустрации и примери. Сметаме дека овој труд ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност, па затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

Врз основа на погоре изнесеното му предлагаме на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Штип ова учебно помагало (учебник) со наслов „Меѓународно јавно право" од вон. проф. д-р Дејан Маролов да го одобри за издавање.**

**Рецензенти**

**Д-р Јован Ананиев,** редовен професор, с.р.
**Д-р Ана Никодиновска-Крстевска,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „МОБИЛНИ ОРТОДОНТСКИ АПАРАТИ”**
**ОД АВТОРИТЕ АС. Д-Р АНА РАДЕСКА-ПАНОВСКА И ВОН. ПРОФ. Д-Р СОФИЈА ЦАРЧЕВА-ШАЉА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката со бр. 2002- 44/43, донесена на 237. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 6.2.2020 година, предложени сме за Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Марија Зужелова** - редовен професор во пензија;
- **д-р Ивона Ковачевска** – редовен професор на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за оценка и изготвување на извештај - рецензија на приложениот работен ракопис за скрипта со наслов „Мобилни ортодонтски апарати” од асистент д-р Ана Радеска-Пановска и професор д-р Софија Царчева-Шаља, наменет за студентите на прв циклус студии на студиската програма Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов **„Мобилни ортодонтски апарати”** е предвиден како наставно помагало по предметот Ортопедија на заби и вилици 2, предмет на студиската програма Дентална медицина, со 2+2+1 неделен фонд на часови, 5 кредити и се слуша во осмиот семестар. Предложениот ракопис целосно се совпаѓа со наставната програма и теоретските наставни содржини кои се акредитирани за предметот Ортопедија на заби и вилици 2.

**Податоци за обемот на ракописот:** Предлог-ракописот „Мобилни ортодонтски апарати” е конципиран на 60 страници, категоризиран во дванаесет поглавја, со слики и графички прикази за подобро и поедноставно прифаќање на наставните содржини. Приложениот ракопис во целост одговара според обемот на наставната програма и ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Недостатокот на литература за наставните содржини по предметот Ортопедија на заби и вилици 2 се наметна како потреба, со цел обезбедување на адекватен стручен материјал за студентите по дентална медицина.

**Краток опис на содржината:** Во поглавјето ***Вовед*** авторите даваат осврт на еволуцијата на подвижните плочести апарати, важноста на соодветно поставената дијагноза и соодветно на тоа правилен избор на ортодонтски апарат. Авторите наведуваат дека во зависност од намената постојат повеќе видови на ортодонтски апарати и исто

така се осврнуваат на предностите и недостатоците на мобилните ортодонтски апарати наспроти фиксните ортодонтски апарати.

**Второто** поглавје се однесува на ***Лабијален лак (активен елемент)*** и во него авторите едноставно го презентираат лабијалниот лак како активен елемент на подвижните плочести апарати. Во ова поглавје авторите ја опишале важноста на лабијалниот лак и неговата конструкција. Изборот на лабијален лак, пишуваат авторите, делумно ќе зависи од процената на терапевтот за одредена малоклузија, а делумно од потребата за ретракција.

Во следното, **трето**, поглавје ***Шраф*** авторите ја опишуваат големата примена на шрафот која се должи на едноставната манипулација со истиот, леснотијата со која се вградува во акрилатната плоча и можноста за корекција на денталниот лак, како и на меѓусебниот соднос на вилиците. Бидејќи постојат многу видови на шрафови, авторите во ова поглавје ги наведуваат само оние кои се користат најчесто, и тоа шрафови за корекција на обликот на денталниот лак, шрафови за поместување на еден или група заби и шрафови за корекција на меѓувиличниот однос.

Широката примена на пружините е опишана во истоимeното **четврто** поглавје ***Пружини***. Служат за поместување на забите кон мезијално, дистално, за деротација, протрузија и букално поместување, елаборираат авторите. За да овозможат максимална флексибилност потребно е да бидат што е можно подолги, но димензиите на оралната празнина ја детерминираат максималната должина на истите, пишуваат авторите. Покрај флексибилноста на пружините, авторите ја нагласуваат важноста и на нејзината стабилност, односно пружината треба да биде флексибилна во правец на дејствување на силата, но ригидна во сите останати правци.

Во **петтото** поглавје, ***Ретенциони елементи,*** авторите елаборираат за постериорна и антериорна ретенција, и соодветно на тоа ги опишуваат ретенционите елементи или кукици, во кои спаѓаат Адамс кукичката, стрелеста или полустрелеста кукичка, капкаста и др. Авторите ја нагласуваат важноста од соодветно изработена кукица, која не смее да ја спречува ерупцијата на забите наследници, од една страна, а од друга страна, кукичките можат да го нагласат растот и да влијаат врз поместувањето на забите.

**Шестото** поглавје, ***Постериорна ретенција,*** авторите го посветуваат подетално на Адамс кукичката, како ретенционен елемент. Нејзината широка примена се должи на предностите кои ги има, и тоа нејзиниот составен дел наречен мост, обезбедува место на кое пациентот со врвовите од палците може слободно да притисне за да го извади мобилниот апарат од устата. Понатаму, Адамс кукичката дава голем отпор на реципрочните сили, со тоа што целиот притисок се пренесува на надолжната оска на забот. Лесно се изработува и обликува според формата и големината на забот, пишуваат авторите.

Во **седмото** поглавје ***Антериорна ретенција*** авторите пишуваат за употребата на Адамс кукичката во фронтална регија, но како дупла кукичка и за капкастата кукичка, која исто така може да се употребува како предна и задна ретенција. И двете кукички можат да бидат изработени во лабораторија и фабрички, нагласуваат авторите.

**Осмото** поглавје ***Акрилатна база*** ја опишува акрилатната плоча (база) како најважен дел од мобилните ортодонтски апарати, во кој се вградени сите останати елементи. Авторите пишуваат за функциите што ги обезбедува акрилатната база, како што се нејзината важност во обезбедување на таканаречено тело на мобилниот апарат, во кое од своја страна се вградени пружини и кукички, со што ја пренесуваат силата што ја добива од активните елементи и дејствува во присуство на реактивни сили.

Во **деветтото** поглавје ***Анкаража*** авторите најпрвин го објаснуваат терминот анкаража, кој се користи да ја опише отпорноста на реактивните сили генерирани од активните компоненти од активната слободна плоча, а потоа опишуваат интраорална анкаража и екстраорална анкаража. Авторите ја нагласуваат важноста на безбедности аспекти, посебно во делот на екстраоралната анкаража и важноста на давање на соодветни инструкции на родителите, кога станува збор за малолетен пациент.

**Десеттото** поглавје од ракописот се однесува на ***Ретенција***, каде што авторите ја презентираат и нагласуваат важноста на ретенционата фаза. Задачата на ретејнерот е постигнатите резултати или корекции на аномалиите, да ги задржи или подобри, со што ќе се минимизира можноста за рецидив. Ретенцијата, пишуваат авторите, се дели на краткорочна, стандардна и долгорочна ретенција. Краткорочната ретенција е во времетраење од 3 до 6 месеци и тоа само во текот на ноќта се носи ретејнерот. Кај стандардната ретенција носењето на ретејнерот во првите 6 месеци е цело време, а наредните 6 месеци само ноќе. Долгорочната ретенција, пишуваат авторите, најчесто е потребна кај ротации, затворање на диастема медиана и таму каде што постои сомнеж за стабилноста на редукцијата на оверџет. Возраста на пациентот исто така е еден од факторите за времетраењето на овој тип на ретенција, нагласуваат авторите.

Во **единаесеттото** поглавје ***Лабораторија*** се потенцира важноста на соработката помеѓу ординацијата и лабораторијата во текот на изработка на мобилни ортодонтски апарати. Посебно, авторите нагласуваат, за меѓусебната доверба кај терапевтот и забниот техничар и манипулацијата со земениот отпечаток од устата на пациентот до враќање на готов продукт во ординацијата.

Во **дванаесетто** поглавје со наслов ***Инструкции и совети за користење на мобилните ортодонтски апарати*** авторите се осврнуваат и ги посочуваат на лесен и едноставно разбирлив јазик советите и упатствата за ракувањето со мобилниот ортодонтски апарат наменети за пациентите.

Во последното поглавје ***Литературни податоци*** авторите ја посочуваат користената литература, извори и цитати, покрај клиничките сознанија и искуства, со кои обилува овој ракопис, кои авторите ги користеле при создавањето на истиот.

Голем впечаток во текстот и манускриптот оставаат сликите кои авторите асистент д-р Ана Радеска-Пановска и професор д-р Софија Царчева-Шаља ги поставиле во ракописот, со цел на едноставен и сликовит начин да им овозможат на студентите да ги совладаат теоретските содржини по предметот Ортопедија на заби и вилици 2 и понатаму практично ги имплементираат во клинички услови.

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис за скрипта „Мобилни ортодонтски апарати" на систематичен, едноставен и пристапен начин ги елаборира теоретските наставни единици кои на студентите на дентална медицина ќе им овозможат лесно, концизно и едноставно совладување на теоретските содржини по предметот Ортопедија на заби и вилици 2. Содржините кои се опфатени во него ќе дадат голем придонес во текот на едукацијата и ќе обезбедат студентите да се здобијат со базични елементарни познавања за мобилните ортодонтски апарати и можностите за тераписки процедури со истите. Понатаму, со совладување на овие содржини, тие подготвено и вешто ќе ги имплементираат овие стручни сознанија во секојдневната клиничка стоматолошка пракса.

Согласно со нашиот презентиран извештај, со задоволство му препорачуваме на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го прифати позитивно рецензираниот ракопис со наслов „Мобилни ортодонтски апарати" од асистент д-р Ана Радеска-Пановска и професор д-р Софија Царчева-Шаља како учебно помагало – скрипта**.

**Рецензенти**

**Д-р Марија Зужелова,** редовен професор, с.р.
**Д-р Ивона Ковачевска,** редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „МОНИТОРИНГ НА РЕНАЛНАТА ФУНКЦИЈА КАЈ ХРОНИЧНО ТРЕТИРАНИ ПАЦИЕНТИ СО НЕСТЕРОИДНИ АНТИИНФЛАМАТОРНИ ЛЕКОВИ - NSAID“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука број 0206-379/4 од 12.8.2020 година, донесена на 23. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Мониторинг на реналната функција кај хронично третирани пациенти со нестероидни антиинфламаторни лекови - NSAID“**, пријавена и изработена од кандидатката м-р Дрита Узеири Хавзиу, во состав:

- **проф. д-р Емилија Јаневиќ Ивановска** – претседател;
- **проф. д-р Биљана Ѓорѓеска** - член, ментор;
- **проф. д-р Татјана Кадифкова-Пановска** – член, екстерен ментор;
- **проф. д-р Милка Здравковска** – член;
- **проф. д-р Лутфи Зилбеари** – член.

Комисијата во наведениот состав го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Мониторинг на реналната функција кај хронично третирани пациенти со нестероидни антиинфламаторни лекови - NSAID“, пријавена и изработена од м-р Дрита Узеири Хавзиу, е напишана на 180 страници, на А4 формат, со вкупно 41 слики и 42 табели.

Дисертацијата ги опфаќа следните поглавја: Резиме на македонски и на англиски јазик, Листа на кратенки, Вовед, Цели на истражувањето, Експериментален дел во кој се опфатени материјалите и методите на работа, Резултати и Дискусија, Заклучоци и Литература.

Во понатамошниот тек од овој извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација.

Во **Воведот** кандидатката ги елаборира симптомите на мигрената како најчестата причина за главоболка која придонесува до невролошко нарушување со сериозен социоекономски товар, како и начинот и причината за најчесто користени нестероидни антиинфламаторни лекови NSAIDs како лекови за терапии за нападот на мигрена. Нивната употреба во мигрена е проследена од нивните аналгетско, антиинфламаторно и антипиретично дејство, вклучувајќи ги и другите етиологии на болката, поддржана од индиректен доказ дека простагландините се вклучени во патофизиологијата на мигрената.

Кандидатката дава детален опис на механизмите на дејство на нестероидни антиинфламаторни лекови како селективни инхибитири на COX-2, но и на одредените несакани ефекти кои се јавуваат при нивно користење. Гастроинтестиналните негативни ефекти се повеќе истражувани и квантифицирани, како што напоменува кандидатот, но многу помалку се знае за нивниот нефротоксичниот ефект.

Од овие причини, а како интерес за изработка на докторскиот труд, кандидатката преку теоретски сознанија добиени преку преглед од достапната литература детално

се осврнува на дејството на нестероидни антиинфламаторни лекови врз бубрезите и несаканите ефекти кои ги предизвикуваат посебно во услови на бубрежна хипоперфузија, каде што може да резултира со акутно бубрежно оштетување (Akute kidney injury - AKI ). Кандидатката укажува дека NSAID кои се користат при спречување на неурогеното посредуано воспаление во тригеминоваскуларниот систем и намалување на болката, преку инхибицијата на простагландин, може да го намали бубрежниот проток на крв и брзина на гломеруларна филтрација, со што се промовира задржувањето на натриум и вода, што предизвикува хиперренинемија и хипоалдостеронизам, намален проток во дисталните тубули со зголемена реапсорпција и намалена екскреција на натриум и хлориди, намален внес на натриум во клетките за размена на натриум-калиум во дисталните нефрони. Се ова наведено доведува до хиперкалемија и хипонатремија, кој проблем добива поголеми димензии кај пациенти со висока предиспозиција кон нефротоксичност - опишани како група пациенти „под ризик“, во кои се вклучени пациенти на постара возраст, со бубрежни заболувања, хиповолемија при секундарна терапија со диуретици, со конгестивни срцеви заболувања, хипертензија, цироза, дијабетес, аминоглокозидни антибиотици, при прекумерна употреба на лекови, мешавини на аналгетици. Кандидатката посебно се осврнува на класификација на NSAID врз основа на селективна инхибиција на COX и тоа врз основа на селективната инхибиција на COX определена според коефициентот COX-1/COX-2- IC 50 дадена од Sylejman et al., каде што истите се поделени на:

- Селективни COX-1 инхибитори како што е Aspirin со коефициент COX-1/ COX-2 IC 50 од 0,01.
- Неселективни COX инхибитори (лекот подеднакво ги инактивира двете изоформи на циклооксигеназата): со коефициент COX-1/COX-2 IC 50 помеѓу 0,5 и 3;
- Релативно селективни COX-2 инхибитори - се одликуваат со помала инактивација на ензимот COX-1: како што се Meloxicam, Nimesulide, Diclofenac, со коефициент COX-1/COX-2 IC 50 помеѓу 10 и 20;
- Високоселективни COX-2 инхибитори, прототип на целекоксиб (celecoxib) со коефициент COX-1/ COX-2 IC 50 помеѓу 140 и 250, искучително инхибитори, само на COX-2, познати се под името коксиби и наречени како селективни COX-2 инхибитори.

Во натамошниот дел на воведот врзан за преглед на литературата, кандидатката се осврнува на видови на ренални ефекти од користењето на NSAID како втора група на причинители на AKI по нефротоксичност, по аминогликозидите, а која ренална дисфункција е класифицирана во три фази: AKI, акутен интерстицијален нефритис и хиперкалиемија. Класификацијата е спроведена според соодветни клинички примери, дискусии и хистопатолошки наоди на избрани субјекти кои се на редовна терапија на NSAID. Кандидатката посебно укажува на значењето на правилно користење на NSAID, бидејќи според актуелните интернационални епидемиолошки студии, од хоспитализираните пациенти со AKI, смртноста е околу 60%, од кои 19-33% се последица од нефротоксичност предизвикана од лекови, каде што аналгетиците и NSAID се на второ место.

Од сите наведени податоци за несаканите ренални ефекти на NSAID, кандидатката особено обрна внимание и на постоечките анализи за детектирање на реналното оштетување и тоа на:

- традиционалните индикатори кои не овозможуваат рано откривање на бубрежното нарушување, не можат да детектираат адекватна диференцијација помеѓу различните степени на AKI и не можат да се искористат како сигнал за прекинување на терапијата со лекови кои манифестираат силна нефротоксичност, но и на

- определени биомаркери, како ензими што потекнуваат од плазмата или од жлездите на урогениталниот тракт и тоа на NAG (N-acetyl-β D-glucosamidase), β-GLU (β-Glucoronidase), (NAG), γ-glytamyl transferase (γ–GT), α-glytathione-S-transferase - (α-GST), π-glutathione-S-transferase (π-GST), Alanin aminopeptidase - (AAP) и протеини и албумини кои може да се од серумско или уринарно потекло, како ß2M, α1M, NAGL-Neutrophil Gelatine – Associated Lipocalin, Retinol binding protein (RBP), Kidney injury molecule-1 (KIM-1).

По обемниот литературен преглед следуваат **Целите на трудот**, каде што се дефинирани прецизно и практично тезите за испитувањето и изработката на истражувањето и тоа:

1. Утврдување на рана фаза на нефротоксичност при хронично ординирање на монотерапија со различни групи на NSAIDs и при комбинирана терапија со аналгетици, во споредба со контролна група и во однос на референтни вредности.
2. Предвидување на местото на оштетување на бубрезите.
3. Евалуација на степенот на безбедност при хронична употреба на различни NSAIDs.
4. Анализа на ренопротективноста на хроничната употреба на различни NSAIDs во однос на инхибиција на COX.
5. Препораки за индивидуализирана/рационална употреба на NSAIDs.

За реализирање на поставените цели преземени се следниве активности:

- Спроведување на стандарден нефролошки протокол за определување на параметри во урина и серум кај пациенти со МОН третирани со (Diclofenac и Diclofenac + Caffetin).
- Следење на активноста на специфични биоиндикатори, како сензитивни биомаркери за докажување на рана нефротоксичност кај пациенти со МОН третирани со (Diclofenac и Diclofenac + Caffetin).
- Спроведување на стандарден нефролошки протокол за определување на параметри во урина и серум кај хронично ординирани пациенти со терапија NSAIDs од најмалку 12 месеци, 5 и 10 години со различни групи на неселективни COX инхибитори, релативно селективни COX2 инхибитори, селективни COX2 инхибитори (коксиби) и пациенти со прекумерна употреба на лекови МОН со различни групи на NSAIDs во комбинација со други лекови (аналгетици, триптани и антидепресиви).

Реализацијата на предвидените цели детално се презентирани и објаснета во експерименталниот дел прикажан преку користени **Материјали за анализа, Методи и инструменти** и во делот за начинот на обработка на добиените резултати преку статистичка анализа.

За реализирање на поставените цели во докторскиот труд кандидатката користела урина и венска крв од избрани пациенти од Универзитетска клиника за неврологија – Скопје и Клиника за неврологија –Тетово, пациенти со нормална бубрежна функција, кои се на хронична монотерапија со различни групи NSAID и пациенти со главоболка од прекумерна употреба на лекови МНО на различни групи на NSAID во комбинација со други лекови (аналгетици, триптани и антидепресиви), како и контролна група од испитаници без дијагноза и без нарушувања во бубрежната финкција.

Во студијата се вклучени 132 пациенти, со хронични главоболки поделени врз основа на времетраењето на главоболката: на група на пациенти со симптоматски главоболки, со главоболки >15 дена во месецот и пациенти со главоболки <15 месецот и терапевтскиот агенс се користи претерано и редовно за 3 или повеќе месеци односно пациентите со (МНО). Од предвидентите пациенти 36 се од Универзитетска клиника за неврологија – Скопје со просечната возраст 21-51 година, а просечната возраст на контролната група од испитаници 35-60 и 96 пациенти од Клинички центар - Неврологија – Тетово, со просечна возраст на пациенти 35-65 години. Просечното следење на болеста е реализирано во период од 120 ± 12,6 месеци.

Методи кои се користени во добивањето на резултатите се: уреа во серум преку хидролизира со ензимот уреаза, креатинин во серум/урина со Jaffe-ова метода и уреична киселина со методите на Bulger и Jons, електролити во серум, NAG - N- acetyl-β-D-glucosaminidase, одредувањет на активноста на AAP, glutamyl transferase (γ-GT), микроалбуминурија, како и β2M, α1M.

Пресметувањето на гломеруларната филтрациона рата (GFR) ќе се пресметува со користење на формулата на Cockcroft Gaunt.

За анализа на предвидените параметри користени се калибрирани и стандардизирани биохемиски анализатори според претходно утврдени и стандардизирани протоколи и дадена динамика.

За статистичка обработка на податоците, пресметување на средната вредност (M) и стандардното отстапување (стандардна девијација, SD) е направена во Microsoft Excel. Разликите помеѓу варијантите од пациенти кои користеа различни групи на NSAIDs се пресметани со анализа на варијанса (ANOVA) и Студентовиот Т-тест. Како критериум за статистички значајна разлика е земен параметарот p, при што, $p<0.01$** претставува статистички високозначајна разлика на вредностите со интервал на сигурност од 99% а $p<0.05$* статистички значајна разлика на вредностите со интервал на сигурност од 95%. За тестирање на нормалноста во дистрибуцијата на податоците се користени Kolmogorov-Smirnov и Shapiro-Wilks тестовите, како и мерките skewness и kurtosis. Нумеричките, односно квантитативни белези со симетрична дистрибуција се прикажани со просек и стандардна девијација, а оние со асиметрична дистрибуција со медијана и интерквартилен ранк квалитативните, односно атрибутивни белези се прикажани со дистрибуција на фреквенции. За споредување на анализираните групи се користени, во зависност од дистрибуцијата на податоците, непараметарски и параметарски тестови за независни примероци (Mann – Whitney U test, Chi-square test, Fisher exact test, Student t-test). За статистички сигнификантни земени се вредностите на $p<0.05$

Во поглавјата **Резултати** и **Дискусија** кандидатката прави систематизација на добиените резултати и истите ги дискутира во однос на добиените сознанија дека добиените наречени традиционални биохемиски параметри, кореспондираат со податоците од други автори и се неспецифични и нечувствителни за рано откривање на гломеруларни и тубуларни оштетувања за детектирање и адекватната диференцијација помеѓу различните степени на AKI, како и за прекин на терапијата при примена на нефротоксични агенси. Резултатите воедно претставуваат потврда дека не се детектирани промени во реналната функција на гломеруларно и тубуларно ниво. Резултатите кореспондират со побарувања на други автори и е докажано дека при следење на одредени уринарни биомаркери (α1M,) кај пациенти со мигренозни болки со помош на еднодимензионална гел електрофореза и идентифицирани со масена спектрометрија, кај пациентите кои ги злоупотребувале аналгетиците и NSAIDs, пронајдена е значително различна експресија на протеинискиот профил т.е. зголеменото ниво на вредностите на α1M, кој се смета за стабилен биоиндикатор во рамките на pH вредностите на рутинските примероци, индицира за рана нефротоксичност на тубуларно ниво. Исто така, кандидатката дава значајно видување дека при следење на на три специфичи уринари ензими (NAG, AAP и γ–GT) кај група на пациенти кои биле третирани со различни NSAIDs, утврдена е абнормална уринарна екскреција на ензими, значително повисока во споредба со контролната група. Исто така во добиените резултати е видено дека поголема инциденца за AKI дават Indomethacin, Ibuprofen, а истото кандидатката го има докажано преку следење на β2 mikroglobulin, преку негово зголемување, и тоа кај сите пациенти лекувани со Piroxicam и Ketoprofen, кај 91.7% (11) пациенти лекувани со Ibuprofen, и помал број на пациенти од 50% пациенти лекувани со Celoxocib. Исто така и при следење на меѓугрупните тестирања и споредби докажала дека лекувањето со Ketoprofen (неселективен COX инхбитор) значајно повеќе ја

зголемува микроалбуминуријата во однос на лекувањето со Celoxocib (високоселективни инхибитори COX2) (median 30 vs 10, p=0.0. Резултатите имаат големо клиничко значење, бидејќи укажуваат на рани промени на гломеруларно ниво кај пациентите третирани со комбинирана терапија во однос на третираните пациенти со селективни COX2 инхибитори Celecoxib. Резултатите кореспондираат со литературните податоци дека COX-2 инхибиторите не се ренопротективни лекови, земајќи ги последниве повеќекратни извештаи на случаи за бубрежна токсичност во постмаркетинчките сондажи. Преку добиените резултати е утврдено дека, сепак, постои и утврден ризик помеѓу хроничен аналгетски внес и развој на бубрежни заболувања.

Во поглавјето **Заклучоци** кандидатката ги извлекува следниве општи заклучоци:

- Докажана е сензитивноста на специфичните биоиндикатори за детектирање на рана фаза на нефротоксичност на гломеруларно ниво - микроалбуминурија, како и на тубуларно ниво - NAG, $_{\gamma}$-GT, AAP, α1M при хронична монотерапија со различни групи на NSAIDs и при комбинирана терапија. β2M како специфични биоиндикатор не покажаа одмерена сензитивност за детектирањето на рани промени во тубуларно ниво во однос на микроалбуминурија кој ни сигнализира за посензитивен индикатор.
- Не се потврдени ренални промени на гломеруларно и тубуларно ниво, при примена на различни групи на неселективни NSAIDs, преку спроведување на стандардниот нефролошки протокол освен кај пациентите третирани со Ketoprofen како традиционален NSAIDs кој значајно ги афектира серумските концентрации на калиум, односно се одразува со хиперкалемија.
- Со примена на специфичните биомаркери, потврдени се реверзибилни промени на гломеруларно и тубуларно ниво, при хронична монотерапија со различни NSAID.
- При хроничен третман на пациенти со цефалеа со главоболки од помалку од 15 дена во месецот со: неселективни инхибитори на COX, релативно селективни COX2 инхибитори и селективни инхибитори на COX2 потврдена е ренопротективноста на последните две групи во однос на неселективните инхибитори на COX кои се докажаа како понефротоксични агенси.
- Степенот на безбедност на испитуваните NSAID при хронична употреба во однос на нефротоксичност е на високо ниво, бидејќи евидентираните промени се реверзибилни и по прекинување на терапијата, состојбата се нормализира.
- Се препорачува индивидуализирана и рационална употреба на NSAIDs посебно на групата на неселективни инхибитори на COX и без комбинирање со други лекови, поради опасност од зголемување на потенцијалот за нефротоксичност, како и постојан мониторинг на реналните функции кај пациентите.

Во поглавјето **Литература**, кандидатката наведува околу 216 референци кои се однесуваат на оваа проблематика. Овој податок уште еднаш ја потврдува актуелноста на проблемот и потребата од понатамошни истражувања.

**Научен придонес**

Придонесот во науката на оваа докторската дисертација се состои во елаборирање на дејството на современите нестероидни антиинфламаторни лекови кои се користат како хронична терапија врз бубрезите и несаканите ефекти кои ги предизвикуваат посебно во услови на бубрежна хипоперфузија, каде што може да резултира со акутно бубрежно оштетување.

Кандидатката преку сеопфатни истражувања и користење на релевантни клинички параметри и современи методи за детекција потврди дека постои утврден ризик помеѓу хроничен аналгетски внес и развој на бубрежни заболувања и при користење на најнови лекови од групата на нестероидни антиинфламаторни лекови.

Добиените резултати се применливи во третманот на пациенти од ризични групи, а кои имаат потреба од користење на лекови од групата на нестероидни антиинфламаторни лекови.

Докторската дисертација изработена под менторство на проф. д-р Билјана Ѓорѓеска, редовен професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како интерен ментор, и проф. д-р Татјана Кадифкова-Пановска, редовен професор на Фармацевтски факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како екстерен ментор, е успешно завршена. Трудот е напишан јасно, на научно и стручно ниво, испитувањата и анализите се добро систематизирани, добиените резултати се презентирани на ефективен и концизен начин и добиени се конкретни заклучоци. Оваа докторска дисертација обработува актуелна тема и содржи податоци од истражувања и литература што се карактеризираат со висок степен на научна и апликативна вредност.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатката пред одбраната на докторската дисертација ги објавила следните рецензирани научни трудови:

1. Drita Yzeiri Havziu, Biljana Gjorgjeska, Dragana Cvetkovska, Sefedin Bilali, Igor Nikolov (2019). Early detection of nephrotoxicity in patients with Medication overuse headache (MOH). Acta Medica Balcanica International Jurnal of Medical Sciences. ISSN 2545-4870; Vol. 4 No. 7-8, 13-22.
2. Dritayzeiri Havziu, Biljana Gjorgjeska, Edita Alili Idrizi, Gjylaj Alija, Sihana Lika, Merita Dauti (2020). Monitoring of the renal function in piroxicam treated patients. Knowledge – International Journal Vol.38.4, 819-824.
3. Drita Yzeiri Havziu, Biljana Gjorgjeska, Visar Miftari, Edita Alili Idrizi, Gjylaj Alija, Arlinda Haxhiu (2020). Comparison of the adverse renal effects of different types of NSAID based on COX inhibition in patients with headaches. Mac. Pharm. Bull. Vol. 66(1)

## З А К Л У Ч О К  И П Р Е Д Л О Г

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Мониторинг на реналната функција кај хронично третирани пациенти со нестероидни антиинфламаторни лекови – NSAID“ и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран, јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Мониторинг на реналната функција кај хронично третирани пациенти со нестероидни антиинфламаторни лекови - NSAID“ пријавена и изработена од кандидатката м-р Дрита Узеири Хавзиу и да ѝ одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска,**
претседател, редовен професор на Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.
**Д-р Биљана Ѓорѓеска,**
член, ментор, редовен професор на Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.
**Д-р Татјана Кадифкова-Пановска,**
член, екстерен ментор, редовен професор на Фармацевтски факултет,
Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.
**Д-р Милка Здравковска,**
член, редовен професор на Факултет за медицински науки,
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.
**Д-р Лутфи Зилбеари,**
член, редовен професор на Факултет за медицински науки,
Државен универзитет во Тетово, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „ОСНОВИ НА ФИНАНСИИ" ОД ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ГОГОВА-САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Одлуката бр. 1202-74/3, донесена на 190. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 6.7.2020 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Стеван Габер** – вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и
- **д-р Љупчо Давчев,** вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (учебник) со наслов *„Основи на финансии"* од проф. д-р Марија Гогова-Самоников, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Основи на финансии" од проф. д-р Марија Гогова-Самоников претставува заокружена целина на материјата поврзана со местото и улогата на финансискиот систем во рамките на целокупниот економски систем, која студентите ја изучуваат на истоимениот предмет – Основи на финансии. Учебникот е наменет за изучување на наставната програма по наведениот предмет од страна на студентите од прва студиска година (прв семестар) на сите предвидени насоки, каде што предметот Основи на финансии се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 3+2+2 и ВО (вкупна оптовареност) од 240 часови, 8 кредити.

**Податоци за обем на ракописот:** Учебникот содржи 314 страници, со повеќе табели, графикони и практични примери и задачи кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На крајот на ракописот се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на финансиите. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и од практичен аспект ќе им овозможи на студентите осознавање на значењето, местото и улогата на финансиските системи во рамките на целокупниот општествен систем во една земја, како и значењето на обработката на податоците од оваа област во глобални рамки. Посебно значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите на Економски факултет заради осознавање на основните постулати на функционирање на целокупната финансиска

проблематика; со оглед на фактот што концепирањето и димензиите на финансиите претставуваа доста важен елемент во економскиот систем во целина. Посебно внимание заслужуваат: историјатот на овој домен како наука, структурата на финансиските системи, финансиските пазари, финансиските институции, финансиските инструменти, банкарството и монетарните финансии, јавните финансии и меѓународните финансии. Од оваа причина, сметаме дека материјалот обработен во учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот:** Содржински, трудот е концепиран во 6 посебни делови, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Првото поглавје е посветено на зачетоците на финансиите како наука. Станува збор за дел од материјата кој треба да ги даде воведните аспекти на сѐ она што како систем на финансии функционира денес. Од таа причина се проучуваат историските аспекти на финансиските системи, нивното создавање, тек и развој. Во овој дел се анализирани и причините за постоење на овие системи, како и нивната оправданост за општествата во целина.

Второто поглавје се надоврзува на првото од причина што во него се обработени инструментите, институциите и пазарите кои го формираат овој систем во реално прифатлив и потребен. Тука се опфатени видовите инструменти со кои институциите работат, односно како работат и како е формирана една целина која е економски оправдана.

Целокупниот систем на трансфер на паричните текови овозможува нивно влијание врз корпоративниот сектор. Посебно ако се земе предвид дека правните лица се најчесто претставници на дефицитен сектор во економијата, се согледува важноста на проучувањето на законитостите и насоките на финансиските текови овде, кај овие субјекти. Од тој аспект третото поглавје обработува теми поврзани со начините на управување на деловните финансии, како и запознавање со основните постулати на финансиските показатели кои овозможуваат ефикасна примена на финансискиот менаџмент.

Од аспект на тоа што во финансиските системи една институција го има приматот на најчесто користена, најстабилна, најзаштитена, го има приматот на институции во кои одредени законодавства овозможуваат реализирање на повеќе дејности, одделено е поглавје кое го проучува нивното работење. Станува збор за комерцијалните банки и согласно со ова банкарското работење. Понатаму, четвртото поглавје се надополнува со проширување на аспектите кои банкарските работења можат да ги имплицираат во економијата во целина. Поточно, се анализираат инструментите, стратегиите и политиките кои банкарските системи и централните банки ги користат за создавање општа економска рамнотежа. Во ова поглавје се проучуваат монетарните финансии.

Петтото поглавје иако директно не се поврзува со претходните, сепак индиректно е присутно во сите домени кои претходно беа споменати. Во суштина може да се каже и дека научното истражување на финансиите всушност почнува со нив, со јавните финансии. Станува збор за анализа која ги истражува функционирањата на финансиските трансакции кои потекнуваат и одат кон државните институции, органи и тела. Станува збор за анализи кои укажуваат за оправданоста на вклучувањето на државата во распределбата на средствата, законитостите по кои се следи тоа работење, координацијата со останатите финансиски сектори и слично.

Шестата глава е резервирана за проучување на функционирањето на финансиските системи во меѓународни рамки. Која е структурата на овие финансиски системи, оправданоста на отворањето на финансиските пазари и до каде истата може да оди.

На крајот на секое поглавје и на крајот на поглавјата е дадена листа на студии на случај, теми и прашања, листа на формули и задачи кои студентите можат да ги користат

за продлабочување на своите знаења и од аспект на практична примена на теоретски обработениот материјал. Станува збор за вежби кои ќе се обработуваат по реализирањето на предвидените предавања.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на основите на финансиите сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите да ја разберат суштината, предметот на обработка и различните форми, модели, слабости, причинители на овој дел од работењето на финансиските системи, и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот да можат практично да ја осознаат историјата, тековноста и сигнификантноста кои таа ги има оставено со своето функционирање во рамки на општествениот систем. Да бидат способни да го проценат значењето на паричните текови, да ги откријат сите пропусти и негативности во работењето на овој систем кои понатаму би биле предмет на коригирање, а истовремено да ги идентификуваат позитивностите кои треба да се стимулираат.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следново

**М И С Л Е Њ Е**

Универзитетскиот учебник „ОСНОВИ НА ФИНАНСИИ" од проф. д-р Марија Гогова-Самоников претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со процесот на следење на паричните текови, како и сите процеси поврзани со истите што се одвиваат во рамки на финансиските системи. Авторката направила успешна комбинација на теоретскиот и практичен аспект на проблематиката, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, кои практично ги применуваат принципите на финансиското работење во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање и имплементација на методите и техниките, моделите и формите на процесот на анализа и дизајнирање на финансиските норми во финансиското работење.

Сметаме дека трудот ќе даде придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Од оваа причина препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на **Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му предложиме универзитетскиот учебник со наслов „Основи на финансии" од проф. д-р Марија Гогова-Самоников да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Стеван Габер,** вонреден професор, с.р.
**Д-р Љупчо Давчев,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ**
**„БАЛНЕОЛОГИЈА И ХИДРОТЕРАПИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р ДАНЧЕ ВАСИЛЕВА,**
**ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-111/10 од 242. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 26.6.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Тоше Крстев,** доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- **д-р Ленче Николовска,** вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„БАЛНЕОЛОГИЈА И ХИДРОТЕРАПИЈА”** од **доц. д-р Данче Василева,** наменет за студентите од студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на скриптата, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Скриптата со наслов **„Балнеологија и хидротерапија”** од доц. д-р Данче Василева е наменета за студентите од студиската програма Физиотерапевти, прв циклус на студии. Учебникот е во согласност со планот и наставната програма за предметот Балнеологија и хидротерапија, кој се слуша во I година (I семестар) со неделен фонд од 2+1+1 часови, 4 кредити и вкупна оптовареност 120 часови, како изборен предмет на студиската програма Физиотерапевти.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат знаења потребни за предметната содржина и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот** на ракописот: Содржината на учебникот е претставена во текст од вкупно 95 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial, со големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 2 методски единици и подединици, распоредени во согласност со наставната програма на истоимениот предмет.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература на домашните и светски простори.

Авторката на јасен, едноставен и достапен начин, со разбирлив стил на пишување, сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет како дел од целата физиотерапијата. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со коешто се потврдува темелниот пристап во подготовката на скриптата.

**Краток опис на содржината:** Скриптата е напишана на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата содржина се конципирани во 2 тематски дела и литература. Илустрирана е со 54 слики и 2 табели.

Во првата тематска единица ***Балнеологија*** авторката ги опишува основите карактеристики на минералните води (настанување и потекло, физички и хемиски својства, класификација, принципи и механизми на влијание врз организмот, методи на примена во балнеотерапијата и балнеопрофилаксата), аеросолната терапија, пелоидотерапија (класификација, структура и содржина на лековитата кал, механизам на дејство, методи на апликација, индикации и контраиндикации за примена), озон терапија, влијание на балнеотерапијата и балнеореакција (локални промени на кожата и слузокожата, промени во екстрацелуларната и интрацелуларната течност во организмот, сложени реакции на адаптација, како последица на неврорефлексните и хуморалните механизми, балнеореакција), индикации и контраиндикации за примена на балнеотерапија (општи и специфични контраиндикации, индикации и контраиндикации кај заболувања на одделните системи) како средства за терапевтски и превентицни цели во физиотерапевтската пракса.

Од практична гледна точка балнеологијата е во основата на градењето на современите физиотерапевтски и други функционално-рековалесцентни програми. Продлабочените познавања за влијанието на сите методи од балнотерапијата врз организмот се предуслов за правилна терапија и профилакса.

Во втората тематска единица со наслов **Хидротерапија и термотерапија** детално се опишани основите на хидротерапијата и термотерапијата - физика на водата и нејзиниот однос со рехабилитација во вода, влијание врз одделните системи на организмот за време на рехабилитација во вода (кардиоваскуларен, респираторен, мускулно-скелетен, нервниот, ренален и ендокрин систем, и влијание на хидротерапијата и примена кај реуматски заболувања), методи на примена, дозирање, времетраење и правила за спроведување, видови на хидро и топлински третмани и хидрокинезитерапија.

Литературата е со богата содржина на референци - 163, од кои 8 се на кирилица и 155 на латиница. Ова зборува за системски приод кон оваа област и за способноста на авторката за комплетно претставување на тематиката.

Скриптата со наслов **„Балнеологија и хидротерапија“** на студентите дава продлабочени познавања за расположливите природни благодети како предуслов за постигнување и одржување на физичкото и менталното здравје на човекот и подобрување на квалитетот на живот, а тоа ќе им послужи во нивната понатамошна едукација на специјалните дисциплини и научно-практичниот развој.

**З А К Л У Ч О К**

Скриптата „Балнеологија и хидротерапија“ од авторката доц. д-р Данче Василева ги опфаќа сите содржини од теоретски и од практичен аспект, според наставната програма и содржина по истоимениот предмет на студентите од прв циклус на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Со издавање на оваа скрипта студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за теоретска и практична настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за скрипта, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип ракописот „Балнеологија и хидротерапија“ од доц. д-р Данче Василева да биде издаден како скрипта за студенти на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Тоше Крстев,** доцент, с.р.
**Д-р Ленче Николовска,** вонреден професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ПРАКТИКУМОТ СО НАСЛОВ**
**„КИНЕЗИОЛОГИЈА" ОД ДОЦ. Д-Р ДАНЧЕ ВАСИЛЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2002-122/8 од 243. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 16.7.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Тоше Крстев,** доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;
- **д-р Ленче Николовска,** вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип

за изготвување на извештај/рецензија на приложениот ракопис **„КИНЕЗИОЛОГИЈА"** од **доц. д-р Данче Василева,** наменет за студентите од студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По преглед на практикумот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Практикумот со наслов **„КИНЕЗИОЛОГИЈА"** од доц. д-р Данче Василева е наменет за студентите од студиската програма Физиотерапевти, прв циклус на студии. Практикумот е во согласност со планот и наставната програма за предметот Кинезиологија, кој се слуша во I година (I семестар) со неделен фонд од 2+1+1 часови, 4 кредити и вкупна оптовареност 120 часови, како задолжителен предмет на студиската програма Физиотерапевти.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат практични знаења потребни за предметната содржина и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот** на ракописот: Содржината на практикумот е претставен во текст и илустрации од вкупно 111 страници. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 2 методски единици и подединици, распоредени во согласност со наставната програма на истоимениот предмет.

Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на практикумот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракописот е резултат на детално пребарување на обемната стручно-научна литература.

Авторката на јасен, едноставен и достапен начин, со разбирлив стил на пишување сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет, како дел од целата физиотерапијата. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира практичното значење на современите сознанија, со кое се потврдува темелниот пристап во подготовката на практикумот.

**Краток опис на содржината:** Практикумот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата илустрирана содржина се конципирани во 2 тематски дела и литература. Илустриран е со 55 слики и 3 табели.

Во првата тематска единица Основи на кинезиологија авторката ги опишува основите концепти на кинезиологијата, симптомите при повреда на периферни нерви (симптоми при повреда на периферни нерви на горен и долен екстремитет), како и функционални мерења – аглометрија, гониометрија и сантиметрија на ’рбетен столб, горен и долен екстремитет.

Од практична гледна точка кинезиологијата е во основата на градењето на современите физиотерапевтски и други функционално-рековалесцентни програми. Користејќи ги познавањата по биомеханика, мускулно-скелетна анатомија и неврофизиологија ги анализира движењата и позите на телото, како целина и на одделни сегменти. Продлабочените познавања на сите методи од апликативната хумана кинезиологија се предуслов за правилен избор за користење на физиотерапевтски средства кај различни патокинезиолошки промени.

Во втората тематска единица детално се опишани со помош на дополнителни илустрации функционалните мерења – мануелно-мускулно тестирање на скапула, горен и долен ектремитет, на торакс и мускулатурата на лицето, како и апликативната кинезиологија на некои функционални активности (исправено стоење, постурална контрола и одење).

Литературата е збогатена со 67 референци, на латиница и ова зборува за системскиот приод кон оваа област и за способноста на авторката за комплетно претставување на тематиката.

Практикумот со наслов „Кинезиологија**“** на студентите им дава продлабочени познавања за нормалните кинезиолошки карактеристики на сегментите во локомоторниот апарат како предуслов за правилна патокинезиолошка анализа на промените што настануваат. Со подготовката на ова помагало, студентите ќе бидат во можност да ја применуваат апликативната кинезиогијата, не само во здравствените установи и болници, а и во индустријата за промоција на здравје каде се работи за подобрување на индивидуалното здравје, долговечноста и благосостојбата на поединецот - фитнес објекти или преку индивидуални тренинзи во корпоративни велнес објекти.

**З А К Л У Ч О К**

Практикумот „Кинезиологија“ од авторката доц. д-р Данче Василева ги опфаќа сите содржини од практичен аспект, според наставната програма и содржина по истоимениот предмет на студентите од студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Со издавање на овој практикум студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за практична настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за практикум, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип ракописот **„**Кинезиологија**“ од** доц. д-р Данче Василева да биде издаден како практикум за студенти на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет **„**Гоце Делчев” - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Д-р Тоше Крстев,** доцент, с.р.
**Д-р Ленче Николовска,** вонреден професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | | |
|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | | |
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Проценка на параметрите и методите за контрола на квалитет како императив за квалитетот на [18F] Fluorodeoxyglucose ([18F] FDG) |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-122/52 од 16.7.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска |
| | ***Кандидат*** | Маја Величковска |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Пристап, нега и дијагостика кај пациенти со акутен абдомен |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-122/53 од 16.7.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Гордана Панова |
| | ***Кандидат*** | Софи Јакимовска |
| **ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **3.** | ***Наслов на тема*** | Влијание на ладно цедени масла врз квантитативн- квалитативните карактеристики на производи од месо |
| | ***Одлука бр.*** | 1302-76/10 од 14.3.2018 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Ацо Кузелов |
| | ***Кандидат*** | Бобан Малинов |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **4.** | ***Наслов на тема*** | Регрутирање на кандидатите за вработување со посебен осврт на производствената и непроизводствената дејност во Општина Штип |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-244/8 од 13.9.2013 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Трајко Мицески |
| | ***Кандидат*** | Станислава Кузманова |